**20240761582**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТНА ДЕЛНИЦА МИЛАДИНОВЦИ - ШТИП И ПАТНА ДЕЛНИЦА КИЧЕВО - ОХРИД

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2024 година.

Бр. 08-2212/1
1 април 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТНА ДЕЛНИЦА МИЛАДИНОВЦИ - ШТИП И ПАТНА ДЕЛНИЦА КИЧЕВО - ОХРИД

Член 1

Во Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид („Службен весник на Република Македонија” број 149/13, 134/17, 64/18, 168/18, 194/18 и 208/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 22/20 и 285/21) во членот 5 по зборовите: „и Анекс бр. 5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид“ се додаваат зборовите: „и Анекс бр. 6 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид“.

Член 2

Во член 8 во ставот 2 по зборовите: „Начинот и условите на“ се додаваат зборовите: „започнувањето на постапката за изградба на патните делници, како и начинот и условите на“.

По ставот 2 се додаваат три нови ставови, кои гласат:

По исклучок од ставот 2 на овој член, во случај да се започне со привремено користење на патните делници врз основа на позитивен извештај за привремена употреба на градбата изготвен од страна на надзорниот инженер кој вршел надзор над изградбата и е донесено решение за одобрен режим на сообраќај од надлежен орган, периодот за пријавување на недостатоци е две години од датумот на започнување со привремено користење на градбата.

За патната делница Миладиновци-Штип започната со привремено користење се смета дека завршил периодот за пријавување недостатоци со денот на влегувањето во сила на овој закон и ќе се вратат банкарските гаранции на изведувачот, а надзорниот орган може да издаде потврда за добро извршени работи. За патните делници Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид, како известување за започнување на изградбата во смисла на одредбите од Законот за градење кои се однесуваат на започнување со градење, може да се смета и допис од надзорен инженер за воведување во работа или извадок од прва страна од градежен дневник потпишан од надзорен инженер.

Издадените одобренија за градење за патните делници Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид продолжуваат да важат до завршување на градбата, а најдоцна до издавање на правосилно одобрение за употреба и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот со решение ќе го продолжи рокот за завршување на изградбата до издавање на правосилно одобрение за употреба.

Член 3

Во член 17 во ставот 2 по зборовите: „и Анекс бр. 5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид“ се додаваат зборовите: „и Анекс бр. 6 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид“.

Член 4

Во член 19 во ставот 2 по зборовите: „и Анекс бр. 5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид“ се додаваат зборовите: „и Анекс бр. 6 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид“.

Во ставот 3 по зборовите: „и Анекс бр. 5 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид“ се додаваат зборовите: „и Анекс бр. 6 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# АНЕКС БР.6

**кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид заведе со бр. 08-9012/1 од 12.11.2013 год.**

Склучен на ден ____________2024 помеѓу:

**Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија**, со седиште на ул. Даме Груев бр.14, 1000 Скопје (во понатамошниот текст **"Инвеститор"**, со можните наследници, законски застапник и овластени потписници) од една

и

**Sinohydro Corporation Limited**, компанија основана според законите на Народна Република Кина со седиште на Зграда бр.23 бр.17, улица Xicui, Haidian округ, Пекинг 100036, Народна Република Кина (во понатамошниот текст **"Изведувач"**, со можните наследници, законски застапник и овластени потписници) од друга страна.

Во понатамошниот текст заеднички наречени **"Договорни страни"**.

Договорните страни склучија Договор за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид, заведен со број 08-9012/1 од 12.11.2013 (**"Договор"**). Договорните страни го изменија и дополнија Договорот со Анекс бр.1 од 04.05.2018 година, со кој рокот за завршување на работите беше продолжен до 30 јуни 2021 година, со Анекс бр.2 од 24.09.2018 година, со кој се пренаменија преостанатите парични средства од основниот Договор во висина од приближно 205.928.220,73 Евра, со Анекс бр.3 од 16.11.2018 година, со кој се вклучија дополнителни и непредвидени градежни работи, како нужни и неопходни за целосно завршување на проектот, со што вредноста на основниот договор се зголеми за дополнителни 186.786.869,96 Евра, со Анекс бр.4 од 12.02.2020 со кој одредбите од точка 15, ставовите 3, 4 и 5 во Анекс Договорот Бр.1 беа избришани и поништени, како и со Анекс бр.5 од 21.12.2021, со кој рокот за завршување на работите беше продолжен до 31 декември 2023 година.

Заради непрекинато и непречено завршување на изградбата на проектот автопат Кичево – Охрид, Договорните страни се договорија за следното:

1. Во овој Анекс бр.6, зборовите и изразите имаат исто значење како во Договорот бр. **08-9012/1** од 12.11.2013 (изменет и дополнет со Анексот бр.1, Анексот бр.2, Анексот бр.3, Анексот бр.4 и Анексот бр.5).

2. Овој Анекс бр.6 се склучува помеѓу Инвеститорот и Изведувачот од Договорот за изградба на автопат, делница Кичево – Охрид во согласност со потточка 8.4 "Продолжување на рокот за завршување" од Општите и Посебните услови од договорот – ФИДИК црвена книга 1999 издание (ОУД и ДУ), поради настанати измени во градежните работи согласно точка 13 ("Измени и корекции" од ОУД и ДУ) наведени во Прилогот А (укажување на Надзорниот орган бр.1205-24/227 од 15.03.2024), кој Прилог А е составен дел на овој Анекс бр.6, согласно член 6 став1 алинеа 1 и 2 од Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патната делница Миладиновци – Штип и патната делница Кичево – Охрид (Службен весник на Република Македонија број 149 од 29.10.2013, број 134 од 22.09.2017, број 64 од 11.04.2018, број 168 од 11.09.2018, број 194 од 24.10.2018, број 208 од 14.11.2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 22 од 31.01.2020 година, број 285 од 17.12.2021 година и број ________од_________. Рокот за завршување на работите се менува од 3531 дена во 4627 дена. Според тоа, ревидираниот краен рок е 31.12.2026 година.

3. Со потпишувањето на овој Анекс бр.6, Инвеститорот и Изведувачот се согласни дека Изведувачот има право на продолжување на Рокот за завршување за дополнителни 1096 дена, согласно потточка 8.4 од Општите и Посебните услови на Договорот.

   Согласно потточка 1.1.3.3 од Посебните услови на Договорот Дел А (Договорни податоци) и потточка 8.4 од Посебните услови на Договорот Дел Б (Детални услови), Рокот за завршување на работите се менува од 3531 во 4627 дена во дел А- Договорни податоци (Додаток кон понудата).

   Инвеститорот и Изведувачот се договорија за нов рок за завршување на работите согласно потточка 8.2 од ОУД ("Рок за завршување"), и согласно потточка 8.4 ("Продолжување на рокот за завршување" од ОУД и ДУ), со што текстот во потточка 1.1.3.3 од Деталните услови на Договорот (ДУ) - Дел А (Договорни податоци) се менува и гласи:

   Рокот за завршување се продолжува за дополнителни 1096 дена, односно 1368 дена според Договорот бр.08-9012/1 од 12.11.2013 год., 1249 дена според Анексот бр.1, 914 дена според Анекс бр.5 и 1096 дена според Анекс бр.6 што е вкупно 4627 дена сметано од денот на воведување во работа на Изведувачот.

4. Инвеститорот и Изведувачот се согласни дека во потточка 4.2 од ОУД и ДУ, Дел А- Договорни податоци (Додаток кон понудата) бројот "3531", како што беше изменет согласно Анексот бр.5, се заменува со бројот "4627".

5. Согласно новиот Рок за завршување на работите, Изведувачот има обврска да ги продолжи сите банкарски гаранции и осигурителни полиси поврзани со овој краен рок, не подоцна од 60 дена од датумот на потпишување на овој Анекс Договор бр.6.

6. Изведувачот се обврзува во рок од 28 дена од денот на потпишувањето на овој Анекс бр.6 кон Договорот, да поднесе ажурирана Програма за работа согласно Општите и Посебните услови на договорот – ФИДИК црвена книга 1999 издание, табелата на Инвеститорот со временски распоред на планот за разрешување на преостанатите нерешени прашања, како што е наведено во Прилог Б, како и табелата од Изведувачот со проценет временски распоред како прилог Ц, изработена врз основа на Прилог Б, за пуштање во сообраќај и примопредавање на секоја подделница согласно потточка 10.1 и потточка 10.2 од Посебните услови на договорот (ПУ) кои претставуваат составен дел на овој Анекс бр.6. Доколку Надзорот во рок од 21 ден од приемот на оваа нова Програма за работа не го извести Изведувачот за степенот до кој истата не е во согласност со Условите од Договорот, Изведувачот продолжува со работа според новата Програма.

   Заради непречено одвивање на Работите и постигнување на временските рокови наведени во Прилог Б и Прилог Ц, треба да се формира посебна работна група составена од претставници на Владата на Република Северна Македонија, Мнистерството за транспорт и врски, Инвеститорот, Надзорот, Изведувачот и други релевантни страни и/или институции. Инвеститорот ќе организира еднаш месечно состанок на работната група, заради побрзо решавање на отворените прашања.

7. Договорните страни се согласија државните патишта (паралелно пристапни патишта наведени во Прилог Б) или нивни делови кои се нужни и неопходни за непречено користење на автопатот да се реализираат по неопходен редослед во процесот на изведување на работите заради функционалност на автопатот.

8. Договорните страни договорија текстот на потточката 1.1.3.7 од Посебните услови на договорот (ПУ) - Дел А- Договорни податоци (Додаток на понудата) да се дополни, така што точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додава :

Освен доколку се започне со привремено користење на автопатот или автопатска делница врз основа на позитивен извештај за привремена употреба на градбата изготвен од страна на надзорниот инженер кој вршел надзор над изградбата и е донесено решение за одобрен режим на сообраќај од надлежен орган, во тој случај периодот за пријавување на недостатоци е 2 години од датумот на започнување со привремено користење на градбата.

9. Договорните страни се согласуваат дека конечните единечни цени во Анекс бр.3 кои се одобрени на 16.11.2018 година и договорени во тој момент во Анекс бр.3 кои не се предмет на Прилагодување на цената, со потпишување на овој Анекс бр.6 ќе подлежат на Прилагодување на цената според потточка 13.8 од Деталните услови на договорот (ДУ), за работи кои ќе се изведат и ситуираат по ефективноста на Анекс бр.6 (01.01.2024 година), а базниот индекс за основните трошоци или цените ќе се пресметува од месец јули 2021 година.
   Одбрените времени цени во период од 2018 – 2023 година, како и евентуална примена на нови времени цени одобрени до крајниот датум на завршување на работите 31.12.2026 година нема да подлежат на Прилагодување на цената според потточка 13.8 од Деталните услови на договорот (ДУ).

10. Договорните страни се согласуваат дека за Постројките и материјалите наменети за Работите што се испорачани во земјата, на пат до локацијата што треба да се сертифицира, ќе биде еквивалент на 80% од одобрената цена или привремената цена, со која текстот на потточка 14.5 од Посебните услови на договорот (ПУ) - Дел А (Договорни податоци) ќе се измени како што следува:

    Погон и материјали, Потточка 14.5(b)(i) и Потточка 14.5(c)(i), ќе бидат применливи

11. Договорните страни се согласуваат да ги решат сите прашања поврзани со исполнување на обврските преземени со овој Договор на пријателски начин и во заеднички интерес и да го имплементираат Договорот таму каде што не е постигната согласност.

12. Изведувачот, согласно потточка 20.1 од Општите услови на договорот, се откажува од сите оштетни побарувања настанати до денот на влегување во сила на овој Анекс бр. 6, освен обврските кон трети страни кои ќе се решат по пат на преговори помеѓу страните, во спротивно истите ќе бидат решени согласно Правилата и Условите на Договорот. Доколку Инвеститорот ги исполни своите обврски согласно условите од овој Анекс број 6 вклучувајќи и исполнување на сите договорени рокови, Изведувачот во согласност со подклаузула 20.1 од Општите услови на договорот се откажува од своето право на какви било оштетни побарувања кои произлегуваат од прилог Б заклучно со 31.03.2025 година.

13. Инвеститорот, согласно потточка 2.5 од Општите услови на договорот, се откажува од сите оштетни побарувања настанати до денот на влегување во сила на овој Анекс бр.6.Доколку Изведувачот ги исполни своите обврски согласно условите од овој Анекс број 6 вклучувајќи и исполнување на сите договорени рокови, Инвеститорот во согласност со

подклаузула 2.5 од Општите услови на договорот се откажува од своето право на какви било оштетни побарувања кои произлегуваат од прилог Ц заклучно со 31.03.2025 година.

14. Условите од Договорот, Анексот бр.1, Анексот бр.2, Анексот бр.3, Анексот бр.4 и Анексот бр.5 ќе останат во целосна важност и примена. За избегнување на било каков сомнеж, во случај на несогласување на условите од Договорот, Анексот бр.1, Анексот бр.2, Анексот бр.3, Анексот бр.4, Анексот бр.5 и условите од овој Анекс бр.6, во тој случај ќе преовладуваат условите на овој Анекс бр.6 за работите што се предмет на уредување со овој Анекс бр.6.

15. Овој Анекс бр.6 ќе биде потпишан од страна на Инвеститорот и на Изведувачот веднаш по неговото усвојување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

16. Овој Анекс бр.6 е составен во шест (6) примероци на англиски јазик и шест (6) примероци на македонски јазик. Во случај на нејаснотии, англиската верзија ќе има предност.

17. Овој Анекс бр.6 ќе се смета за, ќе се чита и толкува како дел од Договорот (како што е изменет со Анексот бр.1, Анексот бр.2, Анексот бр.3, Анексот бр.4 и Анексот бр.5) со почитување на согласноста за предимство, а во случај на нејаснотии, предност ќе има овој Анекс.

18. Овој Анекс бр.6 ќе се смета за ефективен од 01.01.2024 година.

За и во име на Инвеститорот　　　　　　　　За и во име на Изведувачот

Прилози:

| | |
|---|---|
| Прилог А: | Допис - Укажување од Надзор |
| Прилог Б: | Табела на Инвеститорот со временски распоред на планот за разрешување на преостанатите отворени прашања |
| Прилог Ц: | Табела на Изведувачот со временски распоред за завршување и предавање на секоја подделница |

# AMENDMENT NO.6

## to the Contract Agreement on Construction of Motorway, Section Kicevo-Ohrid registered as No. 08-9012/1 on 12.11.2013

Concluded on____ of _______2024 between:

**Public Enterprise for State Roads of the Republic of North Macedonia,** with headquarters on Dame Gruev 14, 1000, Skopje (hereinafter referred to as the "Employer", with the possible successors, legal representative, and authorized signatories) of one side,

and

**Sinohydro Corporation Limited**, company incorporated according to the laws of the People's Republic of China with headquarters on Building 23 No.17, Xicui Road, Haidian District, Beijing 100036, People's Republic of China (hereinafter referred to as the "Contractor", with the possible successors, legal representative, and authorized signatories), of the other,

Hereinafter jointly referred to as the "Contract parties".

The Contract Parties entered into a Contract Agreement on Construction of Motorway, Section Kičevo-Ohrid registered as No. 08-9012/1 on 12.11.2013 (the "Contract"). The Contract Parties amended the Contract by Amendment No.1 dated 04.05.2018 that extended the Time for Completion to 30.06.2021, then by Amendment No.2 dated 24.09.2018 that reallocated the funds remaining under the primary Contract approximately in an amount of EUR 205.928.220,73 and by Amendment No.3 on 16.11.2018 with which additional and unforeseen construction works were included as needed and necessary for full project completion, and with which the primary Contract value increased for additional EUR 186,786,869.96, by Amendment No.4 on 12.02.2020 with which the provisions of item 15 paragraphs 3, 4 and 5 of the Contract Amendment No.1 were deleted and repealed, as well as by Amendment No.5 on 21.12.2021 that extended the Time for Completion to 31.12.2023.

For smooth and continuous finalization of the construction of Kičevo-Ohrid Motorway Project, the Contract Parties agree on the following:

1. In this Amendment No.6, the words and phrases shall have the same meaning as in the Contract Agreement No. **08-9012/1** dated 12.11.2013 (as amended with Amendment No.1, Amendment No.2, Amendment No.3, Amendment No.4 and Amendment No.5).

2. This Amendment No.6 shall be concluded between the Employer and Contractor of the Contract Agreement on Construction of Motorway, Section Kicevo-Ohrid, pursuant to Sub-Clause 8.4 "Extension of Time for Completion" from the General and Particular Conditions of Contract – FIDIC Red Book 1999 edition (GC and PC), due to the occurred variations in the construction works, in accordance with Clause 13 ("Variations and Adjustments" from GC and PC), stated in Appendix A (Engineer's Notification ref. no.1205-24/227 dated 15.03.2024), which is an integral part of this Amendment No.6, and pursuant to Article 6, paragraph 1, indents 1 and 2 of the Law on Implementation of Infrastructure Projects for Construction of Motorway Section Miladinovci–Stip and Motorway Section Kicevo–Ohrid (Official Gazette of Republic of Macedonia No. 149 of 29.10.2013, No. 134 of 22.09.2017, No. 64 of 11.04.2018, No. 168 of 11.09.2018, No. 194 of 24.10.2018, 208 of 14.11.2018, and Official Gazette of the Republic of North Macedonia No. 22

of 31.01.2020, No. 285 of 17.12.2021 and No.______ of _______). The Time for Completion shall be changed from 3531 days to 4627 days. Accordingly, the revised completion date is therefore 31.12.2026.

3. By signing this Contract Amendment No 6, the Employer and Contractor agree that the Contractor is entitled to Extension of Time for Completion for additional 1096 days pursuant to Sub-Clause 8.4 of the General Conditions and Particular Conditions of the Contract.

   Pursuant to the Sub-Clause 1.1.3.3 of the Particular Conditions of Contract (PC)-Part A (Contract Data) and pursuant to Sub-Clause 8.4 of Particular Conditions of Contract Part B (Specific Provisions), the Time for Completion of Works shall be changed from 3531 days to 4627 days in Part A – Contract Data (CD) (Appendix to Tender).

   The Employer and the Contractor have agreed on a new deadline for the works completion pursuant to Sub-Clause 8.2 of the GC ("Time for Completion"), and pursuant to Sub-Clause 8.4 ("Extension of Time for Completion" of the GC and PC), by which the text of Sub-Clause 1.1.3.3 of the Particular Conditions of Contract (PC) – Part A (Contract Data) shall be amended as follows:

   The Time for Completion shall be extended for additional 1096 days, i.e. 1368 days according to the Contract No. 08-9012/1 dated 12.11.2013, 1249 days according to Amendment No.1, 914 days according to Amendment No.5, and 1096 days according to Amendment No.6 or to total of 4627 days from the Contractor's Commencement Date.

4. The Employer and the Contractor agree that in Sub-Clause 4.2 of the GC and PC, Part A – Contract Data (CD) (Appendix to Tender), the number "3531" as amended by the Amendment No.5 shall be replaced with number " 4627".

5. According to the new Time for Completion, the Contractor shall have the obligation to extend all bank guarantees and insurance policies relating to this deadline within 60 days of the date of signing of this Contract Amendment No. 6.

6. The Contractor is obliged to submit the new Work Programme within 28 days of the date of signing of this Contract Amendment No. 6, as per the General and Particular Conditions of the Contract – FIDIC Red Book 1999 edition, the Employer's time schedule table regarding his arrangement and plan to resolve those remaining pending issues as stated in the Appendix B, as well as the Contractor's estimated time schedule tables stated in the Appendix C prepared based on the Appendix B for completion and taking over of each subsection according to sub-clause 10.1 and Sub-Clause10.2 of the PC, which are integral parts of this Amendment No.6. In case the Engineer shall, within 21 days after receiving the new Work Programme, fail to notify the Contractor about the extent to which it does not comply with the Conditions of Contract, then the Contractor shall proceed with the new Work Programme.

   In order to smoothly execute the Works and to achieve the time schedule in the Appendix B and Appendix C, special working group should be established with the representatives from Government of Republic of North Macedonia, the Ministry of Transport and Communications, the Employer, the Engineer, the Contractor and the relevant parties and/or institutions. The

Employer shall organize monthly meetings of the working group, in order to timely resolve the pending issues.

7. The Contract parties have agreed that the state roads (parallel access roads listed in the Appendix B), or their parts that are necessary for the uninterrupted use of the highway, will be realized in the necessary order in the process of execution of the works for the sake of the highway's functionality.

8. The Contract parties have agreed the text of Sub-Clause 1.1.3.7 of the Particular Conditions of Contract (PC) – Part A (Contract Data) (Appendix to Tender), shall be amended so that the period at the end of the sentence is replaced by a comma and added as follows:

   Unless the temporary use of the highway or highway section is started on the basis of a positive report on the temporary use of the construction prepared by the supervising Engineer who supervised the construction and a decision on an approved traffic regime has been approved by a competent authority, in that case the Defect Notification Period is 2 years from the date of commencement with temporary use of the construction.

9. The Contract parties have agreed that the final unit prices in the Amendment No.3 which were approved on 16.11.2018 and agreed at that time in Amendment No. 3 which are not subject to Price Adjustment, by signing this Amendment No. 6 will be subject to Price Adjustment according to Sub-Clause 13.8 of the Particular Conditions of Contract (PC), for works that will be executed and calculated in IPC after effectiveness of Amendment No. 6 (01.01.2024), and the base indices for the basic costs or prices will be calculated from month of July 2021.
   The approved temporary prices in period of 2018-2023, as well as the possible application of new temporary prices approved by the final date of completion of the works 31.12.2026, will not be subject to Price Adjustment according to Sub-Clause 13.8 of the Particular Conditions of Contract (PC).

10. The Contract parties agree that for the Plant and Materials intended for the Works which have been shipped to the Country, en route to the Site to be certified shall be the equivalent of 80% of the approved price or temporary price, by which the text of Sub-Clause 14.5 of the Particular Conditions of Contract (PC) – Part A (Contract Data) shall be amended as follows:

    Plant and Materials, Sub-Clause 14.5(b)(i) and Sub-Clause 14.5(c)(i), shall be applicable.

11. The Contract parties agree to resolve all issues related to fulfilling the obligations undertaken under this Contract in a friendly manner and in mutual interest, and to implement the Contract where no agreement is reached.

12. The Contractor, in accordance with Sub-Clause 20.1 of the General Conditions of the Contract, waives his right to any claims incurred up to the date of entry into force of this Amendment No. 6, save for any liabilities to third parties, which shall be resolved by negotiation between the parties, failing which shall be resolved pursuant to the Terms and Conditions of the Contract. Subject to the Employer fulfilling its obligations under the terms of this Amendment No. 6 including any agreed deadlines, the Contractor, in accordance with Sub-Clause 20.1 of the General Conditions of the Contract, waives the right to submit any claims arising regarding Appendix B until 31.03.2025.

13. The Employer in accordance with Sub-Clause 2.5 of the General Conditions of Contract, waives his right to any claims incurred up to the date of entry into force of this Amendment No. 6.Subject to the Contractor fulfilling its obligations under the terms of this Amendment No. 6 including any agreed deadlines, the Employer, in accordance with Sub-Clause 2.5 of the General Conditions of the Contract, waives the right to submit any claims arising regarding Appendix C until 31.03.2025

14. The terms of the Contract, of Amendment No.1, Amendment No.2, Amendment No.3, Amendment 4 and Amendment No.5 shall remain in full force and effect. For the avoidance of doubt, in the event of any conflict between the terms of the Contract, Amendment No.1, Amendment No.2, Amendment No.3, Amendment No.4, Amendment No.5 and the terms of this Amendment No.6, then the terms of this Amendment No.6 shall prevail for the matters that are subject to regulation with this Amendment No.6.

15. This Contract Amendment No.6 shall be signed by the Employer and the Contractor immediately after it is adopted by the Assembly of the Republic of North Macedonia and published in the Official Gazette of the Republic of North Macedonia.

16. This Amendment No. 6 shall be composed in six (6) hard copies in English language and six (6) hard copies in Macedonian language. In case of any ambiguities, the English version shall take precedence.

17. This Amendment No.6 shall be deemed to form and be read and construed as part of the Contract (as amended by Amendment No.1, Amendment No.2, Amendment No.3, Amendment No.4 and Amendment No.5), respecting the agreed order of precedence, and in case of any ambiguity, this Amendment shall prevail.

18. This Amendment No. 6 shall be considered effective from 01.01.2024.

For and on behalf of the Employer For and on behalf of the Contractor

Appendices:

Appendix A Letter – Notification from the Supervising Engineer
Appendix B Employer's time schedule table regarding his arrangement and plan to resolve those remaining pending issues
Appendix C Contractor's time schedule table for completion and taking over of each subsection

**Додаток Б - Табела за распоред на Инвеститорот во врска со неговиот аранжман и план за решавање на преостанатите нерешени прашања**

| Бр | Делница | Позиција | Проблем | Рок за завршување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | Усек km.2+550 - km.3+420 | Прием на нов проект за свлечиште на km.2+550 - km.3+420 | 30.06.2024-31.03.2025 |
| 2 | | Натпатник km.1+128.65 | Прием на проект | 30.06.2024-31.03.2025 |
| 3 | | Усек km.3+400 - km.3+961 | Прием на нов проект за свлечиште на km.3+400 - km.3+961. | 30.06.2024-31.03.2025 |
| 4 | 2.1 | Усек km.11+745 - km.12+160 | Прием на нов проект за свлечиште на km.11+745 - km.12+160. | 30.06.2024-31.03.2025 |
| 5 | | Усек km.14+990- km.15+310 | Прием на нов проект за свлечиште на km.14+990 - km.15+310. | 30.06.2024-31.03.2025 |
| 6 | | Усек km.15+690 - km.16+144 | Прием на нов проект за свлечиште на km.15+690 - km.16+144. | 30.06.2024-31.03.2025 |
| 7 | | Усек km.16+620 - km.17+020 | Прием на нов проект за свлечиште на km.16+620 - km.17+020. | 30.06.2024-31.03.2025 |
| 8 | | Усек km.17+040 - km.17+460 | Прием на нов проект за свлечиште на km.17+040 - km.17+460. | 30.06.2024-31.03.2025 |
| 9 | | Девијација km.14+200(Кленоец) | Дислокација: Надземни електрични линии и столбови и резервоар за вода | 31.12.2024 |
| 10 | 1&2.1 | Одлагалиште | Нови проекти, завршени постапки за експропријација и доделено право на пристап и поседување за сите одлагалишта. | 30.06.2024 |
| 11 | 2.2 | Тунел | 1. Трафостаници треба да се репроектираат бидејќи контролниот центар е одвоен.<br>2. Материјалот за вентилација и млазни вентилатори. | 31.12.2024 |
| 12 | 2.3 | Km.20+750 - km.20+820 | Проектно решение за лизгање на косина | 31.12.2024 |
| 13 | 3 | Km.11+200-km.11+498.62 | Треба да се решава проблемот со дислокација на ЕВН столбови во градежната површина, или да се подготви изменето решение за површината на усек | 15.04.2024 |
| 14 | | (ЕВН кабел) Km.7+922.13 | Високо поставен ЕВН кабел во површината на каналот за одводнување. Има пречки за изведба на каналот по проект, и пречки за нормално отстранување на вода. (Заб. Доколку Надзорот (за електрика) смета дека нема потреба да се коригира висината на кабелот, во тој случај оваа ставка треба да се избрише од Нерешени проблеми.) | 31.05.2024 |
| 15 | | Паралелен пристапен пат Врбјани - Арбиново | 1. Експропријација и сечење на дрва<br>2. Дислокација: Надземни електрични водови и столбови или подземни кабелски линии | 30.06.2024<br>30.09.2024 |
| 16 | | Паралелен пристапен пат Арбиново - Издеглавје | 1. Експропријација и сечење на дрва<br>2. Дислокација: Надземни електрични водови и столбови или подземни кабелски линии | 31.12.2024<br>30.09.2024 |
| 17 | | Паралелен пристапен пат Издеглавје - Ново село | 1. Експропријација и сечење на дрва<br>2. Дислокација: Надземни електрични водови и столбови или подземни кабелски линии | 31.12.2024<br>30.09.2024 |
| 18 | | Усек km.2+510- km.3+280 | Прием на нов проект за свлечиште на km.2+510 - km.3+280. | 30.09.2024 |
| 19 | | Усек km.4+400- km.4+680 | Прием на нов проект за свлечиште на km.4+400 - km.4+680. | 30.09.2024 |
| 20 | | Усек km.4+830- km.5+160 | Прием на нов проект за свлечиште на km.4+830 - km.5+160. | 30.09.2024 |
| 21 | | Усек km.6+380- km.6+680 | Прием на нов проект за свлечиште на km.6+380 - km.6+680 | 30.09.2024 |
| 22 | | Усек km.6+680- km.7+050 | Прием на нов проект за свлечиште на km.6+680 - km.7+050. | 30.09.2024 |

**Додаток Б - Табела за распоред на Инвеститорот во врска со неговиот аранжман и план за решавање на преостанатите нерешени прашања**

| Бр | Делница | Позиција | Проблем | Рок за завршување |
|---|---|---|---|---|
| 23 | 4 | Усек km.12+400- km.12+698 | Прием на нов проект за свлечиште на km.12+400 - km.12+698. | 30.04.2024 |
| 24 | 4 | Патен јазол Требеништа (Главна траса km.10+321-km.13+757) | Доставен нов проект за главна траса 1. План за одводнување, нов проект за пропуст и маслофаќачи треба да се достави 2. Експропријација и дислокација на дрвени столбови со оптички жици 3. Висината на 35кВ надземен кабел е ниска на km.11+257 | 30.04.2024<br>31.12.2024<br>31.12.2024 |
| 25 | 4 | Девијација Климештани | Експропријација | 30.06.2024 |
| 26 | 4 | km.10+000 - km.10+200 | Експропријација | 31.03.2025 |
| 27 | 4 | Паралелен пристапен пат Ново Село - Ботун | 1. Експропријација и сечење на дрва<br>2. Дислокација: Надземни електрични водови и столбови или подземни кабелски линии<br>3. Дислокација на подземни оптички кабли | 30.06.2024-31.12.2024<br>30.06.2024-31.12.2024<br>30.06.2024-31.12.2024 |
| 28 | 4 | Паралелен пристапен пат Мешеишта - Требеништа | 1. Екпропријација и сечење дрва, вклучувајќи линија на експропријација за главна траса од km 7+545-km 7+703 лева страна<br>2.Дислокација: Надземни електрични водови и кабли, или подземни кабелски линии | 31.12.2024<br>31.12.2024 |
| 29 | 5 | Потпатник km.0+269 | Експропријација | 31.12.2024 |
| 30 | 5 | Km.0+272. | 1.Дислокација на столб на ЕВН на km.0+272.<br>2.Дислокација на оптичка мрежа на km.0+272. | 31.05.2024<br>31.05.2024 |
| 31 | 5 | Km.5+600-km.5+740 | 1.Проектот за потпорен ѕид на km5+505-km5+730 е официјално примен, треба да се реши екпропријација за изведба на потпорниот ѕид и дислокација на канализациска цевка<br>2.Има кабел на ЕВН во темелната јама на дел бр. 11 на потпорниот ѕид | 31.07.2024<br>31.07.2024 |
